( Образец ПП 1)

**До: Министерство за финансии**

**e-mail:** [redacted]
**finance@finance.gov.mk**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
MINISTRIA E FINANCAVE
Скопје
Shkup

| Примено: E Pranuar: | 05-03-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia organizative | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| [redacted] | | | |

## БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Од:** [redacted]
Адреса [redacted]
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Tel: [redacted]
E-mail: [redacted]

Архивски знак/Shenja e ark.
Рок на чување/Afati i ruajtjes
20__ год./viti
Потпис/Nënshkrim

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]
истражувач
Емаил: [redacted]
Тел: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- **Барам информации во врска со изменетите и дополнетите буџети на Република Македонија за периодот од 2001 до 2014 година. Дали е можно да ми испратите овие документи во Excel или PDF формат? Посебно сум заинтересиран за документите по ребалансот на буџетот.**

  **Например: Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за (година). (после ребаланс).**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во 05 март, 2023 година**

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

**– Сектор за правни работи –**

*Одделение за слободен пристап до информации од јавен карактер и заштита на лични податоци*

Архивски број: [redacted]
Датум: 07-03-2024

До: [redacted]
е-меил: [redacted]

**Предмет: Известување по член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за веќе одговорено барање**

Почитувани,

До Министерството за финансии е доставено Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, од подносител (барател) Институт за Демократија и економски Анализи преку застапник/полномошник [redacted], заведено под наш бр [redacted] година.

Имајќи го предвид горенаведеното како и содржината на новото барање, Ве известуваме дека од ваша страна до Министерството за финансии на ден 25.01.2024 година, имате доставено барање со иста содржина по кое министерството како имател на информацијата има постапено, односно има доставено одговор кој по меил беше доставен до барателот на ден 09.02.2024 година.

Согласно член 23 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), нормирано е дека: *„Имателот на информацијата е должен да го извести барателот на информацијата во однос на барањето за пристап до информации ако по барањето веќе одговорил позитивно на исто или слично барање на истото лице во рок од три месеци пред денот на приемот на барањето."*

Имајќи го предвид горенаведеното, во прилог Ви доставуваме копија од доставениот одговор, како и доказ дека решението е доставено преку електронска пошта.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на Сектор
Татјана Васева

Прилог: Копија од Решение и копија од електронска пошта

Изработил: [redacted]
Контролирал: [redacted]
Проверил: [redacted]


Министерство за финансии на Република Северна Македонија
Ministria e Financave e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
"Dame Gruev" nr. 12, Shkup
+389 2 3255 442
www.finance.gov.mk

– Сектор за правни работи –
*Одделение за слободен пристап до информации од јавен карактер и заштита на лични податоци*

Архивски број: [redacted]
Датум: 09 -02- 2024

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 8 став 1, став 2 алинеја 1 и став 3 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 60/2020), постапувајќи по Барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] преку застапник/полномошник на барателот [redacted], Министерството за финансии во својство на имател на информации донесе

## РЕШЕНИЕ

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено до Министерстовото за финансии од барателот [redacted] преку застапник/полномошник на барателот [redacted] година, СЕ УВАЖУВА.
2. Министерството за финансии како имател на информацијата ОВОЗМОЖУВА пристап и запознавање на барателот до бараните информации.

## *Образложение*

До Министерството за финансии доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на барателот [redacted] преку застапник/полномошник на барателот [redacted]на.

Со предметното Барање од Министерството за финансии се бара: „Информација во врска со изменетите и дополнителните буџети на Република Македонија за периодот од 2001 до 2014 година. Дали е можно да ми ги испратите овие документи во Exel или PDF формат? Посебно сум заинтересиран за документите по ребалансот на буџетот. На пример: Измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за (година) (после ребаланс)".

Министерството за финансии, во својство на имател на информации го разгледа предметното Барање, при што утврди дека бараната информација не спаѓа под исклучоците од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер нормирани во член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по предметното Барање, Министерството за финансии врз основа на информациите со кои располага информира дека:

На веб страната на Министерство за финансии, во делот „Област/Јавни финансии/Буџет/Документи" или на следниов линк:


Министерство за финансии на Република Северна Македонија | Ministria e Financave e Republikës së Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје "Dame Gruev" nr. 12, Shkup | +389 2 3255 442 www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria

https://finance.gov.mk/%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8-2/
се објавени Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Северна Македонија, Одлуки за прераспределба на средства помеѓу корисници на централната власт и помеѓу фондовите, како и Завршните сметки на Буџетот на Република Северна Македонија. Во Завршните сметки на Буџетот на Република Северна Македонија во колоната „Буџет" се вклучени сите измени во делот на планираните средства по основа на Ребаланс и донесени Одлуки за прераспределба на средствата.

Со оглед дека барањето на [redacted] Скопје се однесува за податоци од 2001 година, кои не се објавени на веб страната на Министерството за финансии, ве известуваме дека истите се јавно објавени во Службен весник на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Министерството за финансии одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ
Раководител на Сектор
Татјана Васева

ДОСТАВЕНО ДО:
- Барателот на информацијата

Изработил: [redacted]
Проверил: [redacted]